По Укажувањето на Дирекцијата за заштита на личните податоци, содржани во Известувањето на Министерството за образование и наука на Република Македонија, со дел.бр.08-13567/2 од 27.11.2017 год. СОУ Гимназија „Мирче Ацев‟ Прилеп, како контролор на лични податоци, го објавува следното

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЈАВНОСТА

За потребите на нашето училиште за запознавање на поширокатa заедница со активностите на училиштето и учениците, како и за афирмирање на постигањата на учениците, на нашата училишна веб страна и на нашите Facebook, Twitter, Google+ профили, како и на нашиот YouTube канал, потребно е да објавуваме текстови, фотографии или видео записи на кои се наоѓаат наши ученици (субјекти на лични податоци).

Текстовите, фотографиите или видеозаписите се наменски направени. Учениците (субјектите) се информирани дека ќе бидат споменати во текст, фотографирани или снимени и дека текстовите, фотографиите или видеозаписите ќе бидат публикувани на интернет медиумите на СОУ Гимназија „Мирче Ацев‟ Прилеп.

Ова се однесува на текстови во кои се објавуваат имиња и презимиња на субјекти, фотографии или видеозаписи на кои во крупен план препознатливи се најмногу три лика на субјектите, или доколку се споменуваат имињата и презимињата на субјектите кои се на фотографијата односно видеозаписот.

За објавување на фотографии или видеозаписи од јавни настани, нашето училиште доколку е организатор на настанот, усно ги информира субјектите дека ќе објави фотографии или видеозаписи од настанот, при што се врши селекција на фотографиите и видеозаписите кои се публикуваат на интернет медиумите на СОУ Гимназија „Мирче Ацев‟ Прилеп.

Текстовите, фотографиите или видеозаписите јавно се публикуваат и видливи се на интернет просторот на следните линкови:

http://www.gimprilep.edu.mk

https://www.facebook.com/gimprilep

https://twitter.com/gimprilep

https://plus.google.com/106474187517673444436

https://www.youtube.com/channel/UCC-jFGGC0Bpa5xJONgyDHlg

https://www.facebook.com/profile.php?id=100002612359884

СОУ Гимназија „Мирче Ацев‟ Прилеп како контролор на лични податоци, ќе ја сноси целата одговорност за личните податоци објавени на споменатите линкови.

Офицер за заштита на личните податоци
Николче Богданоски

В.Д. Директор
Димче Настоски

По Укажувањето на Дирекцијата за заштита на личните податоци, содржани во Известувањето на Министерството за образование и наука на Република Македонија, со дел.бр.08-13567/2 од 27.11.2017 год. В.Д. Директорот на СОУ Гимназија „Мирче Ацев" Прилеп, во својство на контролор на лични податоци, како дополнување на ТОМ за заштита на личните податоци во нашето училиште ја донесе следната

# ПРОЦЕДУРА

# за јавно објавување на лични податоци на интернет просторот

Со оваа процедура се опишува начинот за објавување на лични податоци на субјекти, на интернет медиумите кои ги уредува и води нашето училиште СОУ Гимназија „Мирче Ацев" – Прилеп.

Процедурата содржи три члена со кои се регулира кои лични податоци може јавно да се публикуваат, на кој начин личните податоци може да се собираат, да се обработуваат и на кои интернет медиуми истите може да се објавуваат.

## 1. Лични податоци кои можат да се објавуваат на интернет медиумите на СОУ Гимназија „Мирче Ацев" Прилеп.

На интернет медиумите на СОУ Гимназија „Мирче Ацев" Прилеп, по претходно добиена писмена согласност, може да се објавуваат следните лични податоци на субјектите:

- Име и презиме,
- фотографија (видеозапис) и
- година на образование.

## 2. Начин на објавување на податоците

### *2.1. <u>Информирање на субјектот на лични податоци</u>*

За објавување на личните податоци опишани во точка 1 од оваа Процедура, субјектот на лични податоци или неговиот законски застапник (родител / старател) се информира усно.

Со усното информирање се образложува зошто е потребно да се објават личните податоци, кои информации ќе се објават, каде и кога ќе бидат објавени, како и тоа дека можно е да биде извршена техничка интервенција врз фотографија или видеозапис. Исто така се објаснува дека доколку субјектот на личните податоци или неговиот законски застапник побараат, личните податоци ќе бидат отстранети од интернет просторот, во рок од 72 часа од поднесувањето на Барањето. (Овој временски рок може да се продолжи за уште 72 часа во случај на технички проблеми или застој на серверската услуга.)

Доколку субјектот се согласи неговите лични податоци да се објават, му се дава претходно изготвен образец за согласност кој треба лично да го пополни или доколку е малолетен, формуларот треба да го пополни неговиот законски застапник (родител / старател).

2.2. *<u>Добивање на писмена согланост од субјектот на лични податоци односно од неговиот законски застапник (доколку станува збор за малолетно лице)</u>*

СОУ Гимназија „Мирче Ацев" – Прилеп ќе го смета објавувањето на личните податоци за дозволено само во случај кога субјектот на лични податоци или неговиот законски застапник (родител / старател) ќе го пополни образецот за Согласност кој е како Прилог бр.1 на оваа Процедура.

За отстранување на јавно публикуваните лични податоци од интернет медиумите на СОУ Гимназија „Мирче Ацев" Прилеп, субјектот на личните податоци, односно неговиот законски застапник (родител / старател) потребно е до секретарот на училиштето да поднесе Барање, кое е Прилог бр.2 на оваа Процедура.

2.3. *<u>Техничка обработка на фотографии или видеозаписи кои содржат лични податоци</u>*

По барање на субјектот на личните податоци или неговиот законски застапник (родител / старател), по видување на уредникот на содржината или веб администраторот, врз некои фотографии или видеозаписи можно е да се изврши техничка интервенција, во насока на зачувување на надворешниот изглед и интегритетот на личноста која е на фотографијата или видеозаписот.

Фотографиите кои содржат лични податоци, а се со висока резолуција ќе се преуредат со максимална резолуција од 72px и максимална димензија 900px во висина или ширина.

Можно е да се изврши затскривање (блурирање или покривање со обоена површина) на дел од фотографија која јавно ќе биде објавена.

Во случај на објавување на фотографии на кои има деца без родители или деца со посебни потреби резолуцијата и димензиите на фотографиите ќе се минимизираат. Максималната резолуција ќе изнесува 40px и максимална димензија 400px, при што ќе се внимава ликовите да не бидат препознатливи.

На фотографиите или видеозаписите дозволено е вметнување на логото на училиштето, „воден жиг" или текст за дообјаснување.

2.4. *<u>Публикување на текстуални содржини, фотографии или видеозаписи кои содржат лични податоци на интернет медиумите на СОУ Гимназија „Мирче Ацев" Прилеп.</u>*

Публикувањето на текстуални содржини, фотографии или видеозаписи кои содржат лични податоци на интернет медиумите на СОУ Гимназија „Мирче Ацев" Прилеп ќе се врши од страна на уредници и администратори на интернет медиумите на училиштето, задолжени од страна на Директорот (В.Д. Директорот) на училиштето, како контролор на личните податоци.

По Укажувањето на Дирекцијата за заштита на личните податоци, содржани во Известувањето на Министерството за образование и наука на Република Македонија, со дел.бр.08-13567/2 од 27.11.2017 год. текстуални содржини, фотографии или видеозаписи кои содржат лични податоци може да објавува единствено правниот субјект, односно СОУ Гимназија „Мирче Ацев".

Објавувањето на текстуални содржини, фотографии или видеозаписи кои содржат лични податоци на субјектите на лични податоци на интернет од страна на поединци наставници, административен или технички персонал не е во согласност со препораките на Дирекцијата за заштита на личните податоци, со Правилникот за ТОМ за заштита на личните податоци во СОУ Гимназија „Мирче Ацев" и повлекува прекршочна односно кривична одговорност.

Дозволено е преземањето на интернет содржини кои содржат лични податоци а веќе се јавно публикувани од страна на официјалните медиуми на СОУ Гимназија „Мирче Ацев" Прилеп.

Прилеп
Декември 2017 год.

В.Д. Директор
Димче Настоски

_________________________

Прилог бр.1

Во согласност со Процедурата за јавно објавување на лични податоци на интернет медиумите на СОУ Гимназија „Мирче Ацев“ Прилеп,

Јас ______________________________________________ како

Целосно име и презиме

☐ Субјект – имател на личните податоци

☐ Законски застапник (родител / старател) на ученикот

______________________________________________

Ја давам следната

# С О Г Л А С Н О С Т

За јавно објавување на моите лични податоци, односно личните податоци на малолетниот ученик кого го застапувам, на интернет медиумите на СОУ Гимназија „Мирче Ацев“ Прилеп.

Се согласувам да се објават следните лични податоци:

☐ Име и презиме

☐ Клас/година на образование

☐ Фотографија

☐ Видеозапис

Датум

__________________

Прилог бр.2

Во согласност со Процедурата за јавно објавување на лични податоци на интернет медиумите на СОУ Гимназија „Мирче Ацев" Прилеп,

Јас ______________________________________________ како

Целосно име и презиме

☐ Субјект – имател на личните податоци

☐ Законски застапник (родител / старател) на ученикот

___________________________________________________

Го поднесувам следното

# Б А Р А Њ Е

За отстранување на јавно објавените мои лични податоци, (личните податоци на малолетниот ученик кого го застапувам), од интернет медиумите на СОУ Гимназија „Мирче Ацев" Прилеп.

Барам да се отстранат следните лични податоци:

☐ Име и презиме

☐ Клас/година на образование

☐ Фотографија

☐ Видеозапис

Посочените лични податоци ги има на следните хиперлинкови:

1. www.gimprilep.edu.mk/________________________________
2. www.facebook.com/gimprilep

   објава со датум: ________________ и со наслов __________________
3. twitter.com/gimprilep/

   објава со датум: ________________ и со наслов __________________
4. На YouTube каналот на Гимназијата, видеозапис именуван како

___________________________________________________________________

Датум

_________________